Центар за развој на
ВАРДАРСКИ ПЛАНСКИ РЕГИОН
Бр. 02-283/5
27.07.2016 год.
ВЕЛЕС

Врз основа на член 65 став (6) од Законот за животна средина („Службен Весник на Република Македонија бр.53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 89/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13 и 44/15), Меѓуопштински одбор за управување со отпад на Вардарски плански регион на ден 27.07.2016 година, донесе:

Одлука за спроведување на стратегиска оцена

1. За планскиот документ „Регионален план за управување со отпад за Вардарски плански регион" кој го донесува Советот на општините, на предлог на Меѓуопштински одбор за управување со отпад потребно е да се спроведе стратегиска оцена на влијанието врз животната средина согласно член 65 од Законот за животната средина.
2. Како органи кои се засегнати од имплементацијата на планскиот документ „Регионален план за управување со отпад за Вардарски плански регион" се определуваат следните: Министерство за животна средина и просторно планирање, Министерство за локалната самоуправа, Јавните комунални претпријатија кои постапуваат со отпад во општините, Институт за јавно здравје, Министерство за здравство, Центар за развој на Вардарскиот плански регион, невладините организации кои делуваат во областа на заштита на животна средина со седиште на подрачје на Вардарски плански регион.
3. За планскиот документ Регионален план за управување со отпад за Вардарски плански регион, за чија изработка е одговорно Министерството за животна средина и просторно планирање, а го донесува Советот на Општините на Вардарски плански регион, донесувањето на планскиот документ Регионален план за управување со отпад за Вардарски плански регион ќе има влијание врз животната средина.
4. Обемот на извештајот за стратегиска оцена треба да ги опфати следните аспекти: идентификување на можните влијанија врз медиумите и областите во животната средина, со посебен акцент на влијанијата врз почвата, водите и воздухот, како и здравјето на луѓето. Извештајот треба да предвиди мерки за надминување за секое идентификувано влијание, како и да определи мерки на следење на влијанијата.
5. Одлуката заедно со формуларите за определување на потребата од спроведување на стратегиска оцена се објавува на веб страната на општините од Вардарски плански регион, Министерството за животна средина и просторно планирање, Центарот за развој на Вардарскиот плански регион: http://vardarregion.gov.mk/nova/index.php?lang=mk.
6. Против оваа одлука јавноста има право на жалба до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен во рок од 15 дена од денот на објавување на одлуката на веб страната.

Име и презиме
Претседател на Меѓуопштински одбор
за управување со отпад на ВПР
Александар Панов

Бр. ______________

Место ___________

ВАРДАРСКИ ПЛАНСКИ РЕГИОН
ВЕЛЕС